Република Северна Македонија
**Агенција за задолжителни нафтени резерви**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Agjencia e Rezervave të Detyrueshme të Naftës**

Бр./Nr. 04-313/1
12.02. 2026 година

Врз основа на член 26 точка 22 од Законот за задолжителни нафтени резерви ("Службен весник на Република Македонија" бр.144/14, 178/14, 199/15, 197/17 и 7/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 150/21, 236/22 и 147/24), а во врска со член 41 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 294/21), в.д. директорот на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви донесе

# ОДЛУКА
## за определување на овластено лице за заштита на обработка на личните податоци (офицер за заштита на личните податоци)

1. Се определува Рамадан Адеми, со звање Помлад соработник за преведување од македонски на албански јазик и обратно, вработен во агенцијата за задолжителни нафтени резерви, за овластено лице за заштита на обработка на личните податоци, односно за Офицер за заштита на личните податоци во Агенцијата за задолжителни нафтени резерви.
2. Согласно член 41, 42 и 43 од Законот за заштита на личните податоци, се задолжува лицето од точка 1 на ова решение да ги вршат следните работи:
- ги информира и советува контролорот или обработувачот и вработените во Агенцијата за задолжителни нафтени резерви кои вршат обработка соодветно на нивните обврски според одредбите од Законот за заштита на личните податоци;
- ја следи усогласеноста со Законот за заштита на личните податоци во Република Северна Македонија, како и со политиките на контролорот или обработувачот во однос на заштитата на личните податоци, вклучувајќи распределување на одговорности, подигнување на совеста и обучување на вработените кои што учествуваат во операциите на обработка, како и вршење на ревизиии за заштита на личните податоци;
- каде што е потребно, дава совети во однос на процената на влијанието на заштитата на личните податоци и го следи извршувањето на процената во соглласност со членот 39 од Законот за заштита на личните податоци;
- соработува со Агенцијата за заштита на личните податоци;
- дејствува како точка за Агенцијата во однос на прашањата поврзани со обработката, вклучувајќи ја претходната консулатација од членот 40 од Законот за заштита на личните податоци, како и советување според потребите за сите други прашања.

3.Овластеното лице е должно при извршување на своите работи да ги зема предвид ризиците поврзани со операциите на обработката, како и природата, обемот, контекстот и целите на обработката кај контролорот и одговара пред директорот на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви.
4. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

*Доставено до:*
*- Именуваниот*
*- Персонално досие*
*- Архива и*
*- Сектор за финансиско и материјално работење*

в.д. Директор / u.d. Drejtor
Nexhmedin Sadiki